# ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА

## ДЕЛБА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРЕДМЕТ ИЛИ ИМОТ

## ПРЕДМЕТ НА ПОСТАПКАТА, НАДЛЕЖНОСТ НА СУДОТ И СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДЕЛБА

**Предмет на делба:**

а) делба на предмет што го имаат две или повеќе лица во сопственост

( заеднички предмет) или делба на имот чии носители се две или повеќе лица (заеднички имот) ,

б) делба на заеднички имот во бракот на брачните другари за времетраење на бракот ( в. член 266 Закон за семејство),

в )продажба на зграда чии посебни делови се во етажна сопственост

# Надлежност на судот ,
# овластен подносител и
# содржина на предлогот на делба

- Надлежни се основните судови на чие подрачје се наоѓа тој предмет, односно имот, со исклучок на Основниот суд Скопје 1 –Скопје кој е специјализиран за кривичнитепредмети
- Месната надлежност – според местото каде што се наоѓа заедничкиот предмет/имот
- Ако предметот се наоѓа на подрачје на повеќе судови, месно надлежен за делба е секој од тие судови ( изборна т.е. елективна месна надлежност в.член 214 )
- Кога нема спор за начинот и условите на делбата ( неспорни случаи), делбата се врши кај нотар во форма на нотарски акт( 213/2)

**Овластен подносител на прелогот**

- секој сопственик на заеднички предмет, односно секој носител на заедничкиот имот

- Со предлогот мора да се опфатени сите носители на правата

  (заедничари, член 215)

- Предлог за делба на заеднички имот стекнат во брак може да поднесе секој од брачните другари додека трае бракот
- Предлог за продажба на зграда која се состои од етажни сопствености може да поднесе секој од етажните сопственици

# СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОГОТ

ПОДАТОЦИ за :

- предметот на делба
- местото каде се наоѓа предметот/имотот
- сопствениците и другите лица кои на тој предмет имаат стварни права

( член 216/1)

- ДОКАЗИ за правото врз предметот/имотот( за недвижност имотен лист в. член 216 /2)

- Во предлогот за продажба на станбена зграда треба да се наведат сите етажни сопственици, како и сите други лица кои имаат стварни права на некои од посебните делови ( со докази)

**Постапување по предлогот за делба**

1. Судот утврдува дали е спорно правото на заедничкиот предмет/имот, големината на делот, самиот предмет или имот на делбата. Решение со кое ќе ја прекине постапката, упатување на спор со определување на рок, решение со кое предлогот за делба се смета за повлечен ( член 217 од ЗВП),

2. Во спротивно, судот закажува рочиште за делбата на кое ќе ги повика носителите на правата на заедничкиот предмет/имот , но и лицата кои имаат други стварни права врз предметот на делба (на пр. носители на право на службеност).

- Предлог од лицата кои имаат право на службеност или други стварни права врз предметот на делбата, судот да одлучи за нивните права(член 218).
- Право на секој учесник да предложи на судот, на рочиштето да бидат повикани и други лица кои имаат интерес за делбата, ( на пример доверители чии права не се обезбедени со хипотека и сл.)
- Доколку во текот на постапката се постигне спогодба меѓу учесниците , судот таа спогодба ќе ја внесе во записникот, водејќи сметка за член 220,

- Доколку не се постигне спогодба за начинот на делба, се спроведува доказна постапка и изведување на сите прифатени докази, потоа
- Решение за делбата

**Начин на делба на заедничкиот предмет/имот**

1. Физички , или реално, ако тоа е возможно според физичките својства на предметот на делбата ( ако е делив, ако таквата делба е економски оправдана)

-- Ако идеален дел од зграда може да се претвори во етажна сопственост т.е. физички да оддели идеалниот дел на предлагачот, односно зградата да се подели на посебни делови ,

2. Судска продажба како начин на делба на заеничкиот предмет/имот.

3. Можна примена на двата начина на делба и во поглед на заеднички здобиениот имот во бракот, за времетраење на бракот.